*Здружение на математичари Охрид* ***NLB Тутунска банка АД Скопје***
***ж.с.*** **210-0671342401-70 м.б. 6713424 даночен број 4020011516608**
**www.matematikaoh.weebly.com** ***e-mail: zmo.ohrid@yahoo.com***

**Записник бр 7**

Од одржаниот состанок на 22. 09. 2017г.(петок) во $12^{00}$ часот во ОУ Братство Единство ул. 7 Ноември бр. 85 Охрид со следен:

Дневен ред

1. Донесување на одлука за учество на натпреварите по математика во учебната 2017/2018 г.
2. Тековни прашања

На состанокот присуствуваа претставници од сите основни училишта од општините Охрид и Дебрца, како и од ОСУ Св. Климент Охридски Охрид

На почеток беше соопштен дневниот ред и истиот беше прифатен едногласно, потоа се премина на дискусија во однос на првата точка и се пријде на изјаснување на претставниците од секое од основните училишта и средното училиште притоа едногласно беше донесена одлука во учебната 2017/2018 год да **не се учествува** на натпреварите по математика.

**Образложение**: Со огромно жалење моравме да го преземеме овој чекор, при што им се извинуваме на сите наши надарени ученици за преземените чекори кои се поради:

1. Ненавремено или воопшто недоставување на дипломи за учениците.
2. Неприфаќање на предлог измените за организирање на натпреварите по математика од страна на Сојузот на математичари на Македонија, неменувањето на наградувањето доведе натпреварите по математика да се гломазни, а дипломите не се вреднуваат дури ни од МОН, учениците се одбиваат од конкурсите за парично наградување како резултат од немањето на прво, второ и трето место при рангирањето.
3. Недоставување на сертификати за учество на наставниците и учениците кои учествувале на меѓународни натпревари (Иранска геометриска олимпијада, Европски математички куп, Медитеранска олимпијада, ...);
4. Без понудена програма се дозволи 6 одд во учебната 2016/2017г да учествуваат на државен натпревар
5. Несоодветен избор на задачи на натпреварите (несоодветни со наставната програма, претешки за возраста на учениците);
6. Ненавремено и неодговорно известување на резултатите од одржан државен натпревар
7. Ненавремено доставување на списанието Нумерус;
8. Слабата комуникација на СММ со членовите (неодговарање на електронските пораки на членовите)
9. Менувањето на критериумите за учество во тимот за ЈБМО (една година учеството е условено со постигнатиот успех на ЈММО и со претходно учество на учениците на ИГО, ЕМС и Медитеранска олимпијада, а следната само со постигнатиот успех на ЈММО);
10. За учениците од основно образование нема вреднување од учеството на Меѓународни натпревари (учеството на ЈБМО од МОН не го наградуваат - не е влезено во оние 13 Олимпијади за кои учениците и менторите може да добијат парични средства)

Се надеваме дека ќе бидат преземени соодветни чекори од страна на СММ на нашите забелешки и успешно ќе продолжи нашата соработка.

Октомври 2017, Охрид

Претседател на здружението
на математичари - Охрид

Борис Лушески